ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Субјект:** Јавна здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон – Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка за средства од Фондот - 737

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- организациската, професионална и функционална независност на единицата за внатрешна ревизија е нарушена;
- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост;
- не е воспоставена евиденција на потрошокот на залихи по организациони единици и пациенти не е воспоставена и не се донесени нормативи за количината на материјали кои се користат при давање на определена здравствена услуга;
- во дел од спроведените постапки за јавни набавки констатиравме несоодветна примена на Законот за јавните набавки.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2020 година.

**Клучни препораки:**

- обезбедување на организациска независност на одделението за внатрешна ревизија
- целосно спроведување на редовниот годишен попис
- воспоставување на целосна евиденција на потрошокот на залихи по пациенти и носење на нормативи за количините на материјали кои се користат при давање на определена здравствена услуга
- обезбедување на доследна примена на одредбите од Законот за јавните набавки

**Останати прашања:**

Ревизијата известува дека Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење и Централниот систем за регистрација на работното време при Министерството не се воспоставени во целост.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:** Од одговорното лице на Клиниката, добиени се забелешки на една точка од Нацрт извештајот кои се разгледани, но не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на констатираните состојби.

*** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување**